

ОПОЖАРЕНО ЧОВЕШТВО

# Прокураторе, те поздравуваат оние што решија да умрат во оган!

Горан Величковски

Власт се бара. И храна во изобилство. И одмазда. ‘Ти си лош, јас сум добар’ - оф, какво едноставно правило на денешницата! Да не беше ова филозофија на вчерашницата? Најверојатно и утрешницата нема да донесе поголеми изненадувања.
Се симна од небото за да нѐ спаси. Исус го прифати тој предизвик, таа волја Очева. Без поговор, со многу желба да му извезе на светот безгранична низа од љубов. Ние не му вративме со арно. Го осудивме, понизивме, распнавме. Столетија поминаа! Луѓето се созема, ја увидоа грешката. Плачеа, мислеа, пишуваа, пееја, се извинуваа. ‘Господи помилуј ме мене грешниот’, е вечната молитва и желба Отецот, а и Синот, да ни простат за направениот грев, гревот кога човештвото немаше сила да каже ‘стоп!’ за неправдата и крволочноста.

Кога се молам, кога восклкнувам ‘Помилуј ме Господи’, не се молам само за здравје и благодат, во прв ред кога се молам плачам за распетието Исусово. Оти, Понтиј можеби беше најмалиот прокуратор меѓу милионите Јуди што дојдоа по него. ‘Прокураторе, те поздравуваат оние што решија да умрат засекогаш во оган!’, му восклкнуваме на Пилата.
Еден од неговите гардисти сум и јас. Секојдневно Го распнувам Исус: со моите дела, поточно недела. Мразам, љубоморам, пцујам, лош сум, не помагам… Да, да, таков сум. А зошто? Зашто сите се такви. Зашто ако не сум таков нема да можам да опстанам во „племето“. Колку е мала мојата верба, колку е гнилежен мојот репер за успех? А што е животот - ова сега или она после? Очигледно, ова сега е живот, а за она после - после ќе размилувам. ‘Господи помилуј ме’, ткае ли ткае мозочево, па солзите го полнат срце то, но веднаш потоа излетуваат по некое тајно каналче и сѐ е по старо: распетие.
Само Исус беше жртва. Но дали тоа го прифаќаме како вистина, како светлост? Кој од нас, тука, не сака да се прикаже како жртва? На пример, опозицијата тврди дека е жртва на позицијата, демократијата плаче од тоталитаризмот, мајките и татковците постојано пелтечат дека се жртви на своите деца, децата на револуцијата плачеа дека револуцијата ги јаде за појадок, потчинетите стенкаат под налетот на претпоставените и се самопретставуваат како жртви на неквалитетот, сиромашните држави жртвенички воздивнуваат паднати на колена пред богатите држави итн.
Бескраен е списокот на неправдите што најмалку четири милијарди луѓе денеска ги чувствуваат на својот грб и мислат дека нивната болка е најголема од сите. И сѐ така до моментот на истребување. Во моментите на страдање човекот заборава дека само еден вистински пострадал за сите нас: Исус. Внимавајте, Тој страдаше за сите нас родени и неродени, живи и мртви, болни и здрави, убави и грди… За сите, освен за Себе, оти кој ако страда за себе би можел на крстот да им прости на мачителите? Никој! Но сите ние тоа го заборавме и многу полесно е да се доживуваме како жртви, па патетично да прашуваме: ‘Господи зошто ми го правиш ова мене, со што Ти згрешив, со што Те разочарав?’ О Небеса, зар ова прашање не е уште едно Христово распетие?
Курбани се прават за да се одоброволи нашиот Бог на милост. А Тој, едноставниот Христос, само леб и вино ни остави како дар за спасение. И пост. И молитви. И исповед. Малку, а толку многу или можеби е поточно - многу, а толку скромно. Од нас се бара да бидеме Негови луѓе. Само тоа.
За Свети Атанасиј во скопската населба Драчево се колеше курбан. Дваесет и четири овни и едно јагне беа заклани, убиени. На само пет метри од надворешната страна на олтарот, во моментите кога се служеше Литургија, дваесетина возрасни мажи колеа, пиеја, се веселеа. Нивните стомаци страотно трепереа. ‘Таква е традицијата’, објаснува некој. ‘Каде е телевизија да снима?’, вели друг. ‘Има ли салата?’, прашува трет, натегнувајќи го шишето со ракија. А Христос сето тоа го гледаше и нѐ остави да правиме како што мислиме да правиме. Уште еднаш Го распнавме, без окце да ни трепне.
Власт се бара. И храна во изобилство. И одмазда. ‘Ти си лош, јас сум добар’, оф какво едноставно правило на денешницата! Да не беше ова филозофија и на вчерашницата? Најверојатно утрешницата нема да донесе поголеми изненадувања, нели?
Речено е: сѐ е суета. Само оној што молчи може да не згреши. Блудницата ги изми нозете Христови со солзи и ги забриша со косите свои, молчејќи тивко среде громогласниот џагор на насобраните граѓани. Таа (блудницата) сме сите ние што мора да престанеме да зборуваме и да почнеме да плачеме. Граѓаните, тие судии блудничави, се денешниот амбиент во кој живееме. Меѓу плачот и амбиентот е една голема бездна од која излегува крстот на распнувањето, а на него Исус, Кој молчи и проштева.
Кој да го види сето тоа?